Согласно своите потреби, друштвотоТутунски комбинат АД Прилеп со седиште на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп објавува :

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 2068/1
Прилеп 01. 12 20 25 год.

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА КОМПРИМИРАН ПРИРОДЕН ГАС**

**Купувач**: Тутунски Комбинат АД Прилеп – ( за потребите на Погон Цигари ул. Карпалак бр. 7, 7500 Прилеп)
**Предмет** : Склучување на договор за редовна набавка и испорака на природен гас – Метан КПГ (ЦНГ) за временски период од 01.01.2026г. до 30.06.2026г.
**Просечна потрошувачка:**
-Компримиран природен гас КПГ (ЦНГ) за потребите на Погон Цигари ул. Карпалак бр. 7, 7500 Прилеп со годишна потрошувачка од околу 250.000,00нм3 – годишно (во грејна сезона околу 30.000,00нм3 месечно)

**Понудата да ги содржи следните документи:**
-Тековна состојба за правното лице-понудувач не постара од 5 дена од денот на објавување на јавниот повик
-Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што правното лице-понудувач е регистриран не постаро од 6 месеци од објавувањето на јавниот повик во јавното гласило,
-Изјава на правното лице-понудувач дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
-Изјава за сериозност на правното лице-понудувач – економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат во износ од 5% од износот на понудата
-Референтна листа
-Доказ за поседување на 2 приколки за гас со капацитет од минимум 5.000 нм3.
-Потврда за квалитет на испорачаниот гас
-Изјава од понудувачот за навремени испораки по добиена порачка
-Информација за економско финансиската состојба издадена од Централен регистар
-Доказ дека фирмата понудувач вршела дејност испорака на компримиран природен гас – метан најмалку 5(пет) години на територија на РСМ
- Изјава од добавувачот за согласност со Драфт договорот кој претходно ќе им биде достапен на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk
Бараната документација се доставува во оригинал или копија со потпис и печат “Верно на оригиналот” издадено од овластено лице.
**Критериум за избор на најповолна понуда**
Цена изразена во МКД без вклучен ДДВ за 1000нм3 природен гас – Метан КПГ (ЦНГ)
**Начин на плаќање:**
Вирмански во рок од 15 дена од доставување на фактура.
Понудите да бидат испратени во две плика и тоа, внатрешното плико да ги содржи називот и адресата на понудувачот, а на надворешното плико да стои називот и адресата на примачот со назнака **“НЕ ОТВАРАЈ - НАБАВКА НА КОМПРИМИРАН ПРИРОДЕН ГАС МЕТАН – 2026“** .
Рок за доставување на понудите: **16.12.2025г. до 11:00 часот** во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.
Отворањето на понудите ќе биде јавно на ден **16.12.2025г. во 11:00 часот** во просториите на Тутутнски Комбинат АД Прилеп по што ќе се пристапи кон јавно усно негативно наддавање.
Изборот на најповолна понуда ќе се изврши при самото отворање на понудите со усно јавно негативно наддавање, а почетната цена ќе биде најниската цена од доставените понуди **.**
Претставниците на понудувачите на денот на отворање на понудите со себе да носат и да достават заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отворање на понудите и наведено овластување за учество на усно јавно негативно наддавање по однос на јавниот повик за набавка на амбалажни картонски кутии.
За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски комбинат АД Прилеп.

Лица за контакт: Дарко Трајкоски тел. 076/ 361-500, е-маил: darko.trajkoski@tkprilep.com.mk

**Тутунски комбинат АД Прилеп**

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп СО П.О. Прилеп 7